ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-159/12**

**Дата: 26.11.2012**

ДО
ОПШТИНА БИТОЛА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2011 година на Општина Битола.

Во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи за 2007 година не се утврдени неправилности и не се дадени препораки.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2011 година на Општина Битола изразивме мислење без резерва.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од Министерството за внатрешни работи по основ на наменски дотации за извршување на расходите за финансирање на територијалната противпожарна единица во делот на платите и надоместоците. Средствата се користат за основни плати и надоместоци и придонеси за социјално осигурување од работодавачите.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ____________________________

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2011 година на Општина Битола, кој се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2007 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Битола за 2007 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Битола под 31.12.2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

м-р Владимир Талески, градоначалник на Општина Битола во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Битола се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи се да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во

околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени процени направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 30.07.2012 година кај Општина Битола од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на 01.08.2012 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 30 -159/6 од 04.10.2012 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Битола на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на сметката расходи на буџет на дотации (937) на Општина Битола, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 22.11. 2012 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ____________________________

ОПШТИНА БИТОЛА

СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (937)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 12.258 | 12.256 |
| **Вкупно приходи** | | **12.258** | **12.256** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 12.258 | 12.256 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **12.258** | **12.256** |
| **Вкупно расходи** | | **12.258** | **12.256** |

ОПШТИНА БИТОЛА

СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (937)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | **4.1.1.** | 976 | 987 |
| **Вкупно тековни средства** | | **976** | **987** |
| **Вкупна актива** | | **976** | **987** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | **4.2.1.** | 976 | 987 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **976** | **987** |
| **Вкупна пасива** | | **976** | **987** |